Medi-Test Keton
Ленти за брзо одредување на кетони во урина

Употреба
Скрининг тест за откривање на метаболички нарушувања.

Упатства (за пациенти)
Ако добиете сомнителни резултати консултирајте се со вашиот доктор. Ова е исто така потребно и ако резултатите од тестот се негативни, а болката трае и/или не се чувствувате добро.

Упатства за употреба
Потопете ја лентата со реагенсот во свежа урина во тек на 1 секунда. Повлечете ја по зидот од садот за да се отстрани вишокот на урина. По 30 до 60 секунди споредете ја тест лентата со скалата на бои. Најдобро време за споредба е по 30 секунди. Промените на бојата кои се случуваат после две минути, немаат никакво значење. Уринатa не треба да биде чувана подолго од 4 часа кога ќе се тестира.

Начин на реакција
Овој тест се заснова на правилото на Legal. Ацетоацетатната киселина и ацетонот формираат со натриум нитропрусидот во алкален медиум комплекс кој е обоен виолетово.

Проценка – Можни грешки
Ацетоацетатната киселина реагира поосетливо од ацетонот. Индицирани се вредности од 10mg/dl ацетоацетатна киселина или 50 mg/dl ацетон. Обоените полиња одговараат на следните вредности на ацетоацетатна киселина:

0 (негативна вредност), 25 (+), 100 (++) и 300 (+++) mg/dl или
0 (негативна вредност), 2.5 (+), 10 (++) и 30 (+++) mmol/l

Фенилкетони во поголеми количини влијаат на тестот и даваат различни бои. β- Хидроксибутерна киселина не се открива. Соединенија на фталеин влијаат на тој начин што ја обојуваат лентата црвено.

Реагенси
(минимална респираторна активност/cm^2 за време на експириум)
натриум нитропрусид 116 µg

Упатства
Во било кој случај, со цел да се постави дефинитивна дијагноза и да се препише соодветна терапија, резултатите добиени со тест лентите треба да бидат верификувани со резултати добиени со други испитувања.
Ефектот на лековите или нивните метаболички продукти на тестот не се забележани во сите случаи. Во случај да постои сомневање се препорачува да не се земаат лекови а потоа тестот се повторува.

Користете само добро испрани и чисти садови за собирање урина. Присуството на вообичаени конзерванси на урина не влијаат на резултатите.

Земете од пакувањето само онолку ленти колку што ви се потребни и затворете го пакувањето веднаш по употребата. Не ја допирајте тест лентата. Избегнувајте изложување на лентите на сонце или влага. Чувајте го садот на температура под $+30^0$C на суво место. Тест лентите се стабилни, кога се чуваат правилно до денот кога им поминува рокот.